Australian Macedonian
TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1989 29 NOVEMBER 2024 FREE



# ТЕЛАТА НА ДЕВОЈКИТЕ ШТО ПОЧИНАА ОД ТРУЕЊЕ ВО ЛАОС ПРИСТИГНАА ВО АВСТРАЛИЈА

Семејствата на двете тинејџерки од Мелбурн кои починаа од сомнително труење со метанол во Лаос, ја коментираа веста дека осум лица се приведени за време на полициската истрага за случајот.

Бјанка Џонс и Холи Боулс, и двете 19-годишни, беа меѓу шесте туристи кои загинаа откако консумирале токсична супстанција која често се додава во шверцуваниот алкохол.

Останатите четири жртви беа идентификувани како Симон Вајт, 28-годишна адвокатка од Обединетото Кралство; Џејмс Луис Хатсон, 57-годишен Американец; и Ен-Софи Оркилд Којман (20) и Фреја Венервалд Соренсен (21) од Данска. Хатсон беше пронајден мртов во неговата соба во хостелот на 13 ноември, со неколку празни чаши во близина. Истото утро, Ен-Софи Оркилд Којман и Фреја Венервалд Соренсен исто така беа пронајдени во несвест во нивните соби и итно пренесени во локалната болница.

Телата на Австралијките беа вратени во Мелбурн во вторникот вечерта, во придружба на нивните семејства.

„Ужасно ни недостасуваат нашите ќерки. Ми олесна кога знам дека има напредок во Лаос – не можеме да дозволиме трагедии како оваа да продолжуваат да се случуваат“, рече Марк Џонс, таткото на Бјанка Џонс, пред новинарите.

Говорејќи на аеродромот во Мелбурн, Џонс ја повика владата на Лаос да „продолжи да истражува“, додавајќи дека семејствата ќе се обидат „да ја подигнат свеста за опасностите од труење со метанол“.

Приведени се осум лица, а се работи за вработени во хостелот „Нана Бакпекерс“ каде што биле сместени сите жртви. Сопствениците на хостелот, кој сега е затворен, претходно ги негираа тврдењата дека служеле нелегален алкохол.



РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# „Конзулката од Битола“- интерактивна кукла-робот поставена на Градското шеталиште

Градското шеталиште во Битола доби кукла–робот опремена со мегафон, дизајнирана преку интеракција да ги анимира и едуцира граѓаните (вклучувајќи ги и нивните деца) за родовата еднаквост. Изработката оваа „Конзулка од Битола“ е во организација на Здружението за меѓународна младинска соработка „Интерактив“ - Битола, во соработка со Центарот за современи уметности од Скопје и скулпторот Озбек Ајваз.

- Уметноста е клучна во секојдневието и може да придонесе во секоја тема, затоа дојдовме до оваа идеја да ја направиме „битолската конзулка“ и да ја прикажеме како кукла-робот која ќе зборува за родова еднаквост, посочи Ајваз.

Јавна поддршка за родова еднаквост на жените и девојчињата во Битола и Пелагонискиот регион искажа Калиопа Кривашија Стилиновиќ, почесен конзул на Република Франција во овој град.



AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com






# Се зголемува бројот на деца со низок раст во земјата

Претседателот на здружението на граѓани „Раст“, Александар Петковски информира дека за жал во последните години во Велес и во други градови низ земјата има зголемен број на откриени случаи на деца со низок раст, односно деца кои имаат проблеми со овој вид на хормон. Дијагнистицирањето на заостанување на растот кај децата во земјата е дури во 11 и 12 година од животот, а тоа најчесто го откриваат нивните родители. За ендокринолозите и Здружението на граѓани „Раст“ тоа е доцна фаза.

- Ја реобновуваме кампањата за јакнење на свеста за предизвиците со кои се соочуваат децата со низок раст, која беше запрена во 2013 година, а сега добивме поддршка од Министерството за труд и социјална политика.

Во нашата држава имаме на располагање четири видови на хормон за раст и затоа не е потребна грижа од страна на родителите, потенцира Петковски.



# Парламентарното мнозинство во пракса веќе стигнало до 80 пратеници - ако притреба!



Откако Мендух Тачи ја извлече ДПА од „Европскиот фронт" (предводен од ДУИ), а Моника Зајкова најави дека ЛДП ќе настапува независно и самостојно (а повторно беше избрана за пратеник на коалициската листа на СДСМ), неофицијалните информации водат во насока дека тие понатаму ќе бидат на линија со владејачката ВМРО-ДПМНЕ, на која и се потребни токму уште двајца пратеници за да контролира двотретинско мнозинство од 80 пратеници.

И да нема потреба од договори со ДУИ.

На хартија владината коалиција има 78 пратеници (ВМРО-ДПМНЕ - 58, Коалиција „Вреди" - 14 и ЗНАМ - 6).

- Немаме официјален договор, но тука се и двајцата – се нудат – изјавил за порталот „Фокус" висок функционер на ВМРО-ДПМНЕ.

Во меѓувреме, партискиот лидер и премиер Христијан Мицкоски јавно потврди дека владејачката коалиција има 80 пратеници, ако не и повеќе. Тоа, според него, ќе се потврдело кога ќе дојде време и ќе има потреба, што значи на некое идно гласање во собранието.

– Јас сум малку пооптимист, мислам само кога ќе имаме потреба од 80 пратеника, а можеби и веќе имаме 80 и повеќе од 80 пратеника... Да оставиме кога ќе има потреба од 80 гласа во парламентот да може тоа и да се покаже во пракса – рече Мицкоски неодамна во интервју за косовската РТК.



## ОБСЕ: РЕЧИСИ СЕКОЈА ТРЕТА ЖЕНА ВО МАКЕДОНИЈА БИЛА СЕКСУАЛНО МАЛТРЕТИРАНА

Половина од жените во Македонија искусиле некаков вид насилство во текот на својот живот, а речиси секоја трета жена била сексуално малтретирана. Низ физичко или сексуално насилство поминале 14 отсто од жените во земјата, а една од 10 жени била жртва на демнење.

Ова се наодите од истражувањето на ОБСЕ за благосостојбата и безбедноста на жените кои денеска ги презентира шефот на мисијата на ОБСЕ во Скопје, Килиан Вал, на јавната расправа „Спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство".

Тој додаде дека иако правната рамка во Македонија е солидна, законска регулатива за спречување и заштита од насилство врз жените мора целосно да се спроведува за да обезбеди брз одговор и подобра заштита на жртвите.



### ИЗВЕШТАЈ ОД АНАЛИЗАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЖИВОТ

# Австралиските домаќинства стануваат се посиромашни

Извештајот за кризата настаната поради зголемување на трошоците за живот покажува дека домаќинствата се во полоша состојба отколку пред две години и владата на **Албанезе** се повикува на итен состанок за решавање на ова прашање. Поранешниот сенатор од редовите на лабуристите, **Грахам Ричардсон** „има целосна доверба" во Лабуристичката партија кога станува збор за претстојните сојузни избори во 2025 година.

На Австралијците им е полошо отколку пред две години кога на власт дојде владата на **Албанезе**, а со неа дојде и рецесија во целата земја, се наведува во парламентарниот извештај за кризата предизвикана од зголемените трошоци за живот. Во Извештајот по истражувањето кое го предводи Коалицијата, се наведува дека секаде се забележани зголемени трошоците за основните потреби, плус оние за изнајмување станови, трошоци за домување, храна и комуналии, а приходите на домакинствата не држат чекор со овие зголемувања, што ги доведува во ситуација на се поголеми финансиски притисоци. Во споредба со 100-те земји на ОЕЦД, австралиските домаќинства исто така бележат најголем пад на расположлив доход. Во Завршниот извештај објавен минатиот петок, има девет препораки, меѓу кои и повикот до националниот кабинет на владата да свика итна седница за да се стави крај на *„прекумерната јавна потрошувачка"*, а целта на Одборот би била да се прегледа владиното трошење и неговото влијание врз зголемувањето на инфлацијата.

Во Извештајот се повикуваат прајминистерот **Ентони Албанезе** и лидерите на државите и териториите да *„развијат реформи со цел зголемување на продуктивноста на економијата"* и се нагласува неопходноста да се спроведе „дерегулација" со цел зголемувње на конкурентноста. Во Извештајот исто така се споменува и политиката која ја поддржуваат Коалицијата и Зелените, а во чии рамки Комисијата за заштита на потрошувачи и конкуренција би имала овластување да ја одземе моќта на монополот на супермаркетите како „последна мерка" и на тој начин да се борат против екстремното зголемување на цените и лошото однесување на продавниците. Извештајот, исто така, апелира до владата повторно да воведе тело за надзор во градежниот сектор за да се намалат последиците од скандалот поврзан со Синдикатот во градежништвото и индустријата *CFMEU*. Двете политики владата на **Албанезе** ги одбила.

Под претседателство на **Џејн Хјум**, сенаторка од редовите на Либералната партија на *Викторија*, Одборот спровел 21 јавно сослушување и ги разгледал доказите од Централната банка, Државната ризница, синдикатите, малите бизниси, здруженијата за домување, индустријата и граѓаните. Иако најновите податоци покажуваат инфлацијата го достигнала посакуваниот опсег на Централната банка од 2-3% првпат по три години, сенаторката **Хјум** вели голем број домаќинства и бизниси се уште се „во криза".

*„Животниот стандард падна и голем број Австралијци трет Божиќ по ред ќе го дочекаат со помалку пари во џебовите и тешка животна ситуација"* - изјавила таа.

Како што потврдил Одборот за сузбивање на растот на трошоци на живот во својот извештај, инфлацијата е непријател број еден на сите Австралијци. *„За жал, лабуристичката влада ги остави Австралијците сами да се борат"*.

Портпаролот на сојузниот државен ризничар **Џим Чалмерс** ги отфрлил тврдењата наведени во Извештајот, велејќи оваа недела ќе се почне со спрове-



Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
• Водење на бременост, прегледи и породување
• Гинеколошки операции
• Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
• Лекување на стерилитет
• Пап тест
• Климактерични тегоби
• Совети за контрацепција
• Проблеми со бешиката
ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

дување на мерките од фонд вреден $900 милиони чија намерна е да се поттикнат државите да ја намалат непотребната бирократија. *„Ако либералите навистина се грижеа за трошоците за живот, би гласале во парламентот за нашата програма за намалување на трошоците за живот, но тоа не го направија. Коалицијата ни остави многу поголема инфлација, големи дефицити и третата година на овој мандат без план за финансиски втемелени и убедливи економски политики"* - рече **Чалмерс**.

Во изјавата на владата се истакнува дека има скротување на потрошувачката во јавниот сектор на 1.4%, помалку од половина од 30-годишниот просек, додека претходната коалициска влада бележела потрошувачка од 4.1% и немала никакви заштеди во својот последен буџет.


MACEDONIAN ORTHODOX COMMUNITY OF MELBOURNE AND VICTORIA



*Macedonian Orthodox Church "St. George & St. Mary Holy Mother Of God"*
*and Macedonian Orthodox Monastery "St Kliment of Ohrid"*
512-514 High Street, Epping, VIC 3076
Tel: (03) 9408 8282 Fax: 9408 8575
ACN 004 426 733 ABN 78 004 426 733
**Mailing Address: PO Box 75 Epping, Victoria, 3076**




**До нашата Македонска Заедница во Австралија**

Од управата на првата Македонска *Православна Општина за Мелбурн и Викторија* во чии состав е и првата македонска црква во иселеништвото *„Св Георгиј"* и манастирот *„Св. Климент Охридски"* во *Кинглејк*. Со жалост ја примивме веста за ненадејното во Господа упокојување на Митрополитот на *Дебарско – Кичевската Епархија* и Администратот на *Австралиско – Сиднејската Епархија* г. **Тимотеј**. Би сакале да изјавиме сочувство до светиот Синод, свештенството и македонскиот православен народ по повод ненадејната смрт на **М. Тимотеј.**

Притоа, сакаме да искажеме голема благодарност за неговата архипастирска посветеност овде во *Австралија*, благодарност за неговиот приод кон верниците, свештенството и духовната надградба која цениме дека беше на највисоко ниво. Неговата жртва и закрила за нас е нешто што е многу значајно и ценето за нашата заедница и нема никогаш да го заборавиме. Загубивме многу важна личност, достоен **Архиереј**, пастир и духовен татко кој со неговата љубов и мудрост ќе остане запишан во македонската историја на македонската заедница, посебно во *Австралија*. Покојниот **М. Тимотеј** меѓу нас беше присутен од 1981 – 1994 год. и од 2013 – 2024 год. Ова време ќе биде потсетник за Неговата неуморна Христова посветеност. Ние се надеваме дека и неговиот заменик ќе продолжи по стапките на својот успешен претходник **Митрополитот Тимотеј**. Би сакале да ве замолиме сите да кажете молитва кон Бога за нашиот дедо **Тимотеј**, како почит и наша должност кон него, бидејќи и он за нас се има погрижено низ сите овие години. Нека почива во мир Неговото *Високопреосвештенствоп Митрополитот Дебарско – Кичевски* и *Администратор Австралиско – Сиднејски* г. **Тимотеј**. Господ да му дарува царство небесно!

*Со Почит*, ***Дејан Змејкоски***
*Председател МПОМВ*


**INJURED?** **ПОВРЕДЕНИ?**

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# Ветерот сруши молика под Пелистер стара повеќе од 250 години



Староста и силниот ветер минатиот петок срушија над 150 стебла на молика под Пелистер. Се скрши и стеблото на моликовото стебло кое опстојуваше повеќе од 250 години, познато по тоа што од него германскиот ботаничар Август Гризебах во 1839 година ги зел примероците за својот хербариум со што докажал дека моликата е засебен вид и вирее на Баба Планина. Тоа беше едно од најразгранетите и најстари моликови стебла над клупите кај Бегова Чешма, за кое пред 15 години експерти од Словенија процениле дека тогаш било старо околу 240 години.

Моликата односно македонскиот бор, како што му е и официјалното име, е исклучително значен ендемичен вид, а тој е и причина што во 1948 година е прогласен националниот парк „Пелистер", прв во државата.

Директорот на Националниот парк „Пелистер", Иванчо Тошевски, кој на оваа позиција дојде пред неколку дена, вели дека масовното кршење на моликовите стебла се должи и на тоа што тие се стари и трули во стеблата. А со години наназад не се спроведувала реално сечење и ревитализација на моликовата шума поради страв кај одговорните лица дека ќе бидат ставени на тапет пред јавноста.

- За да се развива моликата треба да ѝ се обезбеди простор и допир до светлина што не е можно кога стеблата се пораснати во близина едно друго дрво, а има и друга густа вегетација. Ние на одредени места веќе имаме мртви молики. Боровите имаат коренов систем кој оди по површината на земјата, не продира длабоко под неа. Ако се работи реално на ревитализација, за да се развие еден бор неопходно е да се има дијаметар од повеќе метри околу него без други стебла. Ние сега во пракса имаме големи простори - посебно во средишниот дел на шумата, од 1.300 до 1.900 метри надморска височина - со мртва молика и таа на силен ветер паѓа. Старите борови пораснале еден до друг, немаат крошна, туку имаат зеленило горе каде што допира светлината, појаснува Тошевски.

Тој додава дека стеблата со црвен трулеж треба да се исечат и онаму каде има простор да се направат парцели со млади моликови стебла.

Моликата претставува балкански ендем и терциерен реликт. Во Македонија е распространета и на други планини, но на Баба Планина се зачувани најкомпактните моликови шуми. Тие се протегаат на 1.174 хектари.


Reg. No. A0042461G

AHAM BRIDGE OF HUMANITY

ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256

Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117

**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841

**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440

**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635

**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027

**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568

**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613

**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256

**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931

**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038

**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848

**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045

**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559

**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563

**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989

**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595

**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727

**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287

**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493

**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965

**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

## МИЦКОСКИ СЕ ДОГОВОРИ СО БАНКИТЕ:

# Каматата од 3.25% ќе се плати од Буџетот, а стопанството ќе плаќа 1.98%



Договоривме со банките кои ќе ги доделуваат оние 250 милиони евра од унгарскиот кредит да наплаќаат 1.98% камата (наместо 3.25% како што бараа). Роковите за враќање ќе бидат до три години грејс период (само камата) и до 15 за враќање на целиот долг, објави премиерот Христијан Мицкоски.

Фирмите-апликанти за кредит мора да учествуваат со 20% а максималниот износ на кредит што ќе може да се добие е 10 милиона евра (8 милиона од банката и 2 милиона учество на фирмата).

- Ова значи дека ќе имаме 300 милиони евра во стопанството: 250 од унгарскиот кредит и 50 од домашните фирми. Имаме многу успешни и вредни претприемачи кои сакаат да се развиваат и ќе ја искористат оваа можност, а тоа ќе значи подобра економија, оцени премиерот.

Кредит од унгарските пари ќе може да побараа фирми што ќе инвестираат машини, во објекти кои се од обновливи извори на енергија, во административни простории за сопствени потреби во склоп на производниот погон и слично.

- Значи станува збор за 300 милиони евра, кога на тоа ќе се додадат уште 500 милиони евра што ги реалоцираме од Буџетот кон општините и оние проекти кои Министерството за животна средина и транспорт беа закочени, тоа се 800 милиони. Имајќи предвид дека е проектиран Бруто-домашниот производ на 16 милијарди евра, станува збор за 5% од бруто домашниот производ, средства којшто очекувам да бидат инвестирани оваа и следната година. Тоа е алатката со која што ќе се бориме против евентуалната економска криза, истакна премиерот Мицкоски.

## ВЛАДАТА ИМА ПЛАНОВИ ПРОТИВ АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО ВО СКОПЈЕ

Главниот град Скопје минатава седмица се најде повторно меѓу првите десет на листата на најзагадени градови во светот. Главниот фактор за загаденоста се географската положба (котлина без ветер) и загревањето на куќите со дрва (се што може да гори).

Вицепремиерот и министер за животна средина и просторно планирање, Изет Меџити, изјави дека Владата сака да го врати проектот за терцијарна гасификација (до секој дом) и да го субвенционира централното греење, односно луѓето да почнат да се враќаат на централното греење бидејќи тоа е уште почисто од гасификацијата.

Има готов план и за мерки против загадувањето од сообраќајот.

- Пред одлука сме Владата да купи 120 електрични автобуси, кои ќе бидат доделени како донација на јавниот транспорт во општините, првенствено на Скопје. Деновиве Делегацијата на ЕУ обезбеди подарок од шест автобуси на гас за ЈСП „Скопје", потенцира Меџити.




# ПОЧИНА ВЛАДИКАТА ТИМОТЕЈ



Се упокои Дебарско-кичевскиот митрополит и администратор на Австралиско-сиднејската епархија г. Тимотеј (73), објави во понеделникот САС на МПЦ-ОА. Владиката починал в болница, каде неколку дена бил на лекување поради проблеми со срцето. Владиката Тимотеј долги години имаше срцеви проблеми, а во 2013 година доживеа полесен инфаркт на синодската седница.

Владиката Тимотеј е роден како Славе Јовановски на 20 октомври 1951 во Младо Нагоричане, Кумановско. Во 1976 дипломирал на Богословскиот факултет. Потоа работи како службеник во Македонската архиепископија. Од Синодот бил испратен во Рим каде ги завршил постдипломските ориентални студии и магистратура. На Богословскиот факултет во Скопје извесно време Јовановски работел и како професор, а бил и в.д. директор на средното богословско училиште.

Монашки потстриг и името Тимотеј ги примил на 10 септември 1981 во Бигорскиот манастир, а единаесет дена подоцна хиротонисан е и за архијереј на МПЦ во црквата „Свети Димитриј" во Скопје. Првично е назначен за Митрополит австралиски и истовремено администратор на Дебарско-кичевската епархија. Со Австралиската епархија раководеше до 1995, а потоа продолжи да раководи со Дебарско-кичевската епархија. Од 2016 година САС на МПЦ го назначи да управува како администратор и со Австралиско-сиднејската епархија.

Во изминатите 43 години како архијереј на МПЦ-ОА митрополитот Тимотеј извршуваше и многу други одговорни задолженија: беше секретар на САС на МПЦ и администратор на Повардарската епархија (1997-2000 и од 2002-2006), а до неговото блажено упокојување беше и портпарол на САС на МПЦ.


Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971


## По десет неуспешни бремености, 61-годишна скопјанка го роди Петар



Жена го родила своето прво дете на 61 година на Клиниката за гинекологија и акушерство (ГАК) во Скопје.

Таа важи за најстарата жена што го родила своето прво дете во Македонија.

Директорката на ГАК кажа и дека пациентката била 37 години во брак и во целиот тој период се трудела да остане бремена. Кажа дека имала тешко гинеколошко и акушерско минато, со 10 ин витра зад себе и 10 спонтани абортуси. Имала и три претходни интервенции од кои две во Белград и една на Клиниката во Скопје.

Пациентката, која е од Скопје, останала бремена со ин витро третман извршен во Македонија, со сопствена јајце клетка која била криопрезервирана, односно замрзната. Нејзиниот сопруг е 65-годишен, само што отишол во пензија и кажа дека нема да има проблем кој да го чува детето. Неговата сперма не била замрзната. Целата бременост била следена во државата, а породувањето било извршено со царски рез во 36. гестациска недела.

Петар е роден со тежина од два килограми и 350 грама и должина од 48 сантиметри.

## БИТОЛЧАНКА ИЗМАМЕНА ЗА 10.000 ЕВРА:

# „Американски војник со македонско потекло“ на Фејсбук и побарал пари за да си замине од Сирија



На 18 ноември 60-годишна жена од *Битола* пријавила во полиција дека била измамена од едно лице за сума од 10.000 евра.

Според пријавеното пред околу четири месеци на *Фејсбук* стапила во контакт со лицето, кое се претставило дека е со македонско потекло, дека е вработен во Армијата на *САД*, а моментално на мисија во *Сирија* и дека сака да ја прекине мисијата.

Како што е пријавено, лицето ја известило дека мора да уплати 10.000 евра доколку сака да ја прекине мисијата и побарало од неа да ги пушти парите на лице во *Турција* преку брз трансфер на пари, затоа што додека бил на мисија немал пристап до неговата банкарска сметка.

Полицијата соопшти дека се преземаат мерки за расчистување на случајот.

# Авганистанец и Пакистанец од Грција криумчареле мигранти во Македонија



Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Гевгелија поднесе кривична пријава против **А.А.**(20) од *Авганистан*, и **А.К.**(23) од *Пакистан* - двајцата со престој во *Република Грција* - поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело *„криумчарење мигранти“*.

На 22.11.2024, пријавените во својство на водичи, од територијата на *Грција* прифатиле две групи од вкупно 11 лица мигранти и илегално и пеш ги префрлиле во *с.Богородица, Гевгелиско.*

Од судија на претходна постапка на пријавените им била изречена мерка притвор во траење од 30 дена.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Средба на пратеникот Пренџов со австралискиот амбасадор Емери



Пратеникот **Љупчо Пренџов**, претседател на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на *Австралија* и со Парламентот на *Нов Зеланд* оствари средба со амбасадорот на *Австралија* за *Македонија*, со седиште во *Белград*, **Даниел Емери**.

На средбата се разговараше за односите меѓу двете земји, кои се оценети како мошне добри и пријателски, при што беа нагласени можностите за унапредување на економската соработка, пред се преку зголемување на нивото на инвестиции. Нагласена е и улогата на Македонската дијаспора во *Австралија*, како значаен мост во билатералната соработка.

Беше истакнато дека следната година се заокружуваат три децении од воспоставувањето на дипломатските односи, како настан што ќе биде пригодно одбележан.

Соговорниците се осврнаа и на можностите за унапредување на парламентарната соработка, посочувајќи и на взаемниот интерес за јакнење на политичкиот дијалог меѓу двете земји во рамки на мултилатералните организации, како *ИПУ* и *НАТО*.

**СООПШТЕНИЕ**

## Традиционален пикник

Социјалното друштво *"Стив Наумов" –Логоварди* од *Мелбурн* ги известува своите членови и пријатели дека го организира традиционалниот пикник. Тој ќе се одржи на 15 декември во *Kyneton*, на местото од селото *Логоварди* со адреса *21 Fosters Lane Kyneton*. Сите се добродојдени.

За информации кај **Цане** Моб: **0421 756 880** или **Борче** Моб: **0409 960 342**

**СООПШТЕНИЕ**

## Радовишка средба во Мелбурн

Во недела на 8 декември во 10 часот наутро ќе се одржи *"Радовишка средба"* во паркот кај *Yan Yean* резервоарот. Ова ќе биде убава прилика да се соберат на излет сите што се од *Радовиш* и околината и нивните пријатели од сите делови на *Македонија*. Сите се добредојдени. За повеќе информации кај **Ванчо Стефанов** на **0416 657 519**.

## СООПШТЕНИЕ

Македонското литературно друштво *Кочо Рацин – Мелбурн* соопштува дека на 5 декември 2024 година со почеток во 18.30 часот во просториите на библиотеката во *Мил Парк* ќе одржи промоции на две книги, тоа се книгите *Летот на мојата гулабица* – од **Светлана Јаневска**, чиј промотор ќе биде **Татјана Лазаревска** и романот *За хероината Гордана Димовска* од **Гордана Такец** а ќе ја промовира **Дона Димовски Кантаровски**. Се повикуваат сите љубители на убавиот македонски збор да присуствуваат на овој настан и да се запознаат со содржините на новите многу интересни литературни дела на **Светлана Јаневска** и **Гордана Такец**.

# Во Перт отворена Австралиско-македонска комора за трговија



**_Амбасадорката Билјана Стефаноска Сековска заедно со министерот во владата на Западна Австралија Давид Михаел свечено ги отворија новите простории на Австралиско Македонската комора за трговија и индустрија_**



**_Амбасадорката Билјана Стефаноска-Сековска, имаше и средби со македонската заедница во Западна Австралија_**



Во *Перт, Западна Австралија* минатава седмица се отворија новите простории на Австралиско-македонската комора за трговија и индустрија. На свеченоста присуствуваа амбасадорката на *Македонија* во *Австралија* **Билјана Стефаноска Сековска** и министерот во Владата на *Западна Австралија* **Давид Михаел**.

На отворањето поздравен говор одржа претседателот на комората **Крис Вржовски** кој истакна дека новата комора ќе ги унапреди деловните односи помеѓу *Македонија* и *Австралија* со посебен акцент на *Македонија* како атрактивна бизнис дестинација.

На отворањето беше прикажан и видео поздравот од министерот за надворешни работи и трговија **Тимчо Муцунски** кој ја поздрави оваа комора како нов импулс во зајакнувањето на билатералните односи помегу двете земји.

NUMERIC ACCOUNTING
SPECIALISING IN SMALL BUSINESSES
✔ Accounting & Bookkeeping
✔ Tax Returns ✔ GST & BAS Returns ✔ Payroll
✔ MYOB, Xero & Quick Books
За сите ваши потреби околу вашата такса зборувајте со Ангела
ELECTRONIC LODGEMENT OF ALL RETURNS
Accountant & Registered Tax Agent




Mob: 0403 413 427 angenumeric@gmail.com

# Лавров: НАТО ги премина сите граници на пристојност



Северноатлантската алијанса ја премина границата на секаква пристојност дозволувајќи си да дава изјави за можноста за превентивни напади на руска територија, изјави министерот за надворешни работи на *Русија*, **Сергеј Лавров**. Тој на состанокот на шефовите на безбедносните агенции и разузнавачките служби на земјите од *ЗНД* соопшти дека шефот на воениот комитет на *НАТО*, **Роб Бауер**, ги соопштил вистинските намери на алијансата кога кажал дека размислуваат за извршување превентивни удари против *Русија* во случај на можен вооружен конфликт.

*„Шефот на воениот комитет на НАТО отворено рече дека, за да се постигнат целите за заштита и одбрана на земјите членки на НАТО, треба да се извршат превентивни напади врз цели во Русија, кои, според мислењето на НАТО, може да предизвикаат закана за земјите членки на алијансата, тие ја преминаа границата на пристојноста и веќе јавно ги кажуваат своите вистински намери“*, дополнува **Лавров**.

## Повеќе од 30 насукани китови се спасени во Нов Зеланд



Јато од повеќе од 30 пилотски китови е спасено откако се насука на плажата *Руакака* кај *Вангареј* во северниот дел на *Нов Зеланд*.

Надлежните соопштија дека повеќето од насуканите китови се вратени во морето, но дека за жал починале тројца возрасни китови и еден млад кит. После тоа, немаше повеќе насукувања.

Спасувањето беше предводено од локалната маорска група наречена *Патухаракеке*, со помош од властите, како и од јавноста.

Насукувањата на китови сè уште се необјаснета природна појава и најмногу ја има во *Нов Зеланд*.

## Традиционален Демирхисарски пикник во Баларат

Се известуваат сите Демирхисарци и пријатели и роднини на Демирхисарци дека во недела, на 22 декември, се организира традиционалниот *Демирхисарски пикник* во *Баларат*, покрај езерото, на истото место како и секоја година до *Ballarat Botanical Gardens.* Овој настан се оганизира со цел за дружење на Демирхисарци во порелаксирана атмосфера и во природа. Забележете го овој датум во вашите календари и донесете ги и вашите роднини и пријатели. Се надеваме на голема посетеност!

# Повлечени сите обвиненија против Трамп за мешање во изборите 2020



Против идниот американски претседател имаше поднесено обвиненија за десетици прекршоци за начинот на кој ракува со доверливи документи и неговите обиди да го оспори поразот на изборите во 2020, што кулминираше со упадот во *Капитол*.

Во понеделникот, прво специјалниот советник **Џек Смит** поднесе барање за повлекување на сите федерални обвиненија против **Трамп** по овие основи, а потоа и судијката во случајот го одобри барањето.

Со ова и формално се става крај на целиот случај кој го обвинуваше **Трамп** за обид за поништување на неговиот пораз во 2020.

**Трамп** за ова прв пат беше обвинет во јуни 2023 во федералниот суд во Мајами по 37 основи. Два месеца подоцна тој беше обвинет и за 4 други дела.

Потоа судењето со месеци беше одложувано и тимот на **Трамп** се обидуваше да побара негово прекинување по повеќе основи, вклучително и тоа дека поранешен претседател не може да биде обвинет за своите постапки за време на мандатот.

*Ен-би-си њуз* пишува дека како што обвиненијата беа *„исклучителен момент во американската историја,"* бидејќи ова е прв пат претседател да се обиде нелегално да остане на власт, *„така и нивното повлекување е историски момент"*:

*„50 години откако законодавците од двете партии го присилија **Ричард Никсон** да поднесе оставка на претседателската позиција заради обвинувањата за криминално однесување за време на мандатот, половина од американските гласачи избра да го врати **Трамп** на претседателската позиција.*

*Изборната победа на **Трамп** значи дека долгогодишната позиција на Министерството за правда дека актуелен претседател не може да биде обвинет со кривично дело ќе важи кога **Трамп** ќе дојде на власт на 20 јануари,"*

Аргументот на министерството е дека *Конгресот* секако има овластување и моќ да побара импичмент на претседателот доколку смета дека извршил кривично дело.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК

**СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ**



AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

•Австралиско•Македонски•Неделник•

Edition No. 1842 Year 37 • Tuesday, 26 November 2024 • Price $4.00 inc GST



ОСТАНА ЛИ ОД „OPEN BALKAN“ САМО ВИНСКИОТ САЕМ?

ШЕСТАТА ЖРТВА ОД ХОСТЕЛОТ "NANA BACKPACKERS" ВО ЛАОС:

ДВЕ ТИНЕЈЏЕРКИ ОД МЕЛБУРН ПОЧИНАА ОТРУЕНИ ОД АЛКОХОЛ

ПОЛИТИЧКИ ТЕНЗИИ ОКОЛУ ЗАКОНОТ:

КАКО СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ЌЕ ЈА ПРОВЕРУВААТ ВОЗРАСТА?

НА КОЈ НАЧИН ЌЕ Ѝ ПОМОГНЕ НА МАКЕДОНИЈА? НАЗНАЧУВАЊЕТО НА ШЕКЕРИНСКА ВО НАТО

ВО ПЕРТ ОТВОРЕНА АВСТРАЛИСКО-МАКЕДОНСКА КОМОРА ЗА ТРГОВИЈА

НЕМА ГАРАНЦИЈА ОД ФРАНЦИЈА ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

# ПМФЛ: Гостивар триумфираше над Тиквеш, Силекс подобар на гости против Шкупи

Во рамките од 15 коло во Првата македонска фудбалска лига (ПМФЛ) најубедлив беше Работнички кој со 4:1 ја совлада екипата на Беса 1976.

Гостите водеа со голот на Ракипи од 22 минута, но потоа следуваше пресвртот на „романтичарите" кој започна со израмнувањето на Рашид во 27 минута. Во вториот дел за 2:1 се погрижи Гандо во 60 минута, а пет минути подоцна за 3:1 стрелаше Регба. Ирскиот интернационалец по втор пат се запиша во листата на стрелците во 76 минута кога го постави конечниот епилог.

Во Битола Пелистер претрпе минимален пораз од Шкендија, со голот на Флорент Рамадани во 36 минута.

Немаше голови на мечот од долниот дел на табелата помеѓу Воска Спорт и Вардар, додека Гостивар со голот на резервниот фудбалер Машике во 85 минута славеше со 1:0 над Тиквеш.

Брера ремизираше 1:1 против Струга, домашниот тим беше во позитива со погодокот на Тодоровски (59`), но радоста на струмичкиот клуб траеше само една минута, бидејќи во следниот напад актуелниот шампион дојде до израмнување преку Укпа.

Во скопски Чаир, пак, Силекс со 2:0 го победи Шкупи на гостински терен со головите на Додев во осмата и 44 минута.

**ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА**

**Резултати 15. коло**

| | |
|---|---|
| ПЕЛИСТЕР - ШКЕНДИЈА | 0:1 |
| АП БРЕРА - СТРУГА ТЉ | 1:1 |
| ШКУПИ - СИЛЕКС | 0:2 |
| ГОСТИВАР - ТИКВЕШ | 1:0 |
| ВОСКА СПОРТ - ВАРДАР | 0:0 |
| РАБОТНИЧКИ – БЕСА | 4:1 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Шкендија | 15 | 8 | 6 | 1 | 30 |
| 2. Гостивар | 15 | 8 | 6 | 1 | 30 |
| 3. Силекс | 15 | 9 | 3 | 3 | 30 |
| 4. Работнички | 15 | 7 | 7 | 1 | 28 |
| 5. Струга ТЉ | 15 | 7 | 5 | 3 | 26 |
| 6. Шкупи | 15 | 4 | 4 | 7 | 16 |
| 7. Пелистер | 15 | 3 | 7 | 5 | 16 |
| 8. Брера С | 15 | 4 | 4 | 7 | 16 |
| 9. Беса | 15 | 3 | 4 | 8 | 13 |
| 10. Воска спорт | 15 | 2 | 6 | 7 | 12 |
| 11. Вардар | 15 | 3 | 3 | 9 | 12 |
| 12. Тиквеш | 15 | 1 | 7 | 6 | 11 |



## ИЛИЕСКИ СО ТИТУЛА СЕ ВРАЌА ОД ШАМПИОНАТОТ НА ТАЏИКИСТАН

Македонскиот фудбалер Дарко Илиески со титула ќе се врати од Таџикистан. 28-годишниот стопер на две кола до крајот на шампионатот на оваа земја и математички е првак со екипата Истигол Душанбе.

Прилепчанецот одигра десет натпревари и постигна и еден погодок во дресот на најпопуларната екипа во шампионатот на Таџикистан. Сепак, на крајот на годината истекува неговиот договор и се очекува нов предизвик и можно враќање во Македонија.

Илиески се наоѓа пред крај на третата странска авантура, по настапите за Копер во Словенија и Ширак во Ерменија. Низ кариерата тој беше дел и од Струга, Пелистер, Борец, Тиквеш, Победа, Металург и 11 Октомври.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### СРПСКИ „ТЕЛЕГРАФ“:

# Македонците може да бидат горди на ова момче



Голем број европски медиуми се воодушевени од претставата на Ненад Димитријевиќ против Литванија. На овој меч Македонија загуби (94:72) и покрај тоа што нашиот плејмејкер запиша неверојатни 43 поени, односно повеќе од половина од вкупниот број поени.

Српски „Телеграф“ има статија со наслов „Регионот пишува за несуденото засилување на Партизан, Македонците може да бидат горди на ова момче“.

„Можеби, не успеаја да дојдат до победата, но со својот пристап, тој ги освои срцата на сите љубители на кошарката. Ненад Димитријевиќ е момчето за кое се зборува, иако Македонија беше поразена од Литванија во Клаипеда со 94:72. Популарниот Нено го заврши мечот со 43 поени за 29 минути на теренот и поради повреда, мораше да го заврши порано. Тој се фати за коленото на шест минути пред крајот и потоа беше изнесен од теренот“, пишува меѓу другото „Телеграф“.

### ПЕШИЌ:

# Мене не ми требаат уметници, ми требаат војници



Српската кошаркарска репрезентација на доминантен начин го потврди учеството на престојниот Евробаскет кој ќе се одржи во 2025 година - во ноемврискиот прозорец славеа два пати над Данска со што воедно го задржаа перфектниот учинок.

Селекторот на српската кошаркарска репрезентација, Светислав Пешиќ, имаше интересен говор на конференцијата за медиуми на која изјави дека за неговиот тим сака да се борат војници, а не уметници алудирајќи дека кошаркарите треба да го оставаат последниот атом на теренот.

- Вам ви се допаѓаат уметници, а мене војници. Им реков на играчите дека во репрезентацијата само јас добивам пари бидејќи сум вработен. Што е до нив, тие треба да се борат за место во тимот, за учество на големите натпреварувања, за освојување на медали, за својата репутација. Тоа е и порака за сите млади играчи. Морате да бидете војници. Уметниците не стануваат војници, ама војниците стануваат уметници.



# Синер оствари нешто што не им успеало ни на Ѓоковиќ, Надал и Федерер




Јаник Синер е убедливо најдобар тенисер во светот во моментов и доказ за тоа не е само изгледот на АТП листата, туку и сето она што го постигнува Италијанецот.

Тој ја заврши 2024 година на феноменален начин, со титула во Дејвис купот и оди на заслужен одмор пред стартот на подготовките за новата сезона. Освен што оваа година ја завршува со 73 победи и само шест порази, Синер направи нешто што не им успеало ни најдобрите тројца тенисери во историјата Новак Ѓоковиќ, Роџер Федерер и Рафаел Надал.

Тој е прв играч што успеал во една година да го освои Дејвис купот, барем две грен-слем титули и завршниот Мастерс. Триумфираше на Австралија и УС Опен, ги освои Ротердам, Мајами, Хале, Синсинати и Шангај и на крајот на сезоната има дури 3.915 бода повеќе од второпласираниот Александер Зверев.

И тоа не е се. Синер стана само втор тенисер во историјата, по Роџер Федерер во 2005 година, што сезоната ја завршил без пораз од 0:2 или 0:3. На секој од 79 натпревари освои барем по еден сет што никогаш не им успеало ни на Ѓоковиќ или Надал.

# „Џенерал Моторс" влегува со свој тим во Формула 1




Формула 1 и „Џенерал Моторс" (ЏМ) постигнаа начелен договор за влез на „ЏМ/Кадилак" како 11. тим во светскиот шампионат во Формула 1 од 2026 година.

- Посветеноста на „Џенерал Моторс" и „Кадилак" на овој проект е важна и позитивна демонстрација на еволуцијата на нашиот спорт. Сигурни сме во целосната соработка и поддршка од сите вклучени страни, изјави претседателот и извршен директор на Формула 1, Стефано Доменикали.

Тимот треба да го носи името „Кадилак Ф1" и ќе користи мотори на „Ферари" во првите две години додека GM не добие мотор на „Кадилак" конструиран за натпреварување, почнувајќи од сезоната 2028 година.



Спорт
Australian Macedonian TODAY
Австралиска Македонски Днес
ISSN 1442-195X
9 771442 195005




# ВЕРСТАПЕН ОСВОИ ТИТУЛА И ВЛЕЗЕ ВО ЕЛИТНИОТ КЛУБ

Макс Ферстапен ја обезбеди својата четврта последователна круна во Формула 1 трката за на Големата награда на Лас Вегас. Тој заврши на петтото место во „градот на гревот“, што беше доволно за да ја обезбеди титулата на две трки пред крајот на сезоната 2024 година.

Со оваа титула тој станува шести член на клубот на возачи со најмалку четири титули. Покрај Холанѓанецот, тука се и Себастијан Фетел (4), Ален Прост (4), Хуан Мануел Фанџо (5), Михаел Шумахер (7) и Луис Хамилтон (7).

Неверојатно: од овие шест возачи, четворица ја освоија својата четврта титула во 21 век. Тоа се Шумахер (2001), Фетел (2013), Хамилтон (2017) и Ферстапен (2024). Фанџо и Прост ја освоија својата четврта титула во 1956 и 1993 година.

Ферстапен е и вториот возач кој влезе во овој клуб откако ги освои првите титули со ист тим. Пред него тоа го направи Фетел, исто како и Ферстапен, како возач на „Ред Бул“.

